20120842223

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО СИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1-б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006,18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2012 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011 и 5/2012) во членот 2 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласат:

„Осигуреното лице може да оствари право на ортопедско и други помагало од став 1 на овој член, под услов ако здравственото осигурување траело непрекинато најмалку шест месеци пред настапување на потребата, освен во случаите на повреда на работа и професионално заболување и ако се работи за деца - доенчиња до едногодишна возраст“.

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат став 3, 4 и 5.

Член 2

Во членот 6 ставот 2 се менува и гласи:

„За осигурените лица, кај кои нема можност за подобрување на здравствената состојба (ампутерци, параплегии, парализа на долни екстремитети, церебрална парализа), за ортопедските и другите помагала од член 16, член 18 и член 27 овој Правилник, потврдата за потреба од ортопедско помагало се заверува по претходно мислење од Првостепената лекарска комисија на Фондот и тоа само при првото остварување на правото.“

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за здравство.

Бр. 02 – 10428/22
18 јуни 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.